ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Ул: “М.М.Брицо“ бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521 факс: 033/411 550
www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 2
22.02.2008 година

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба

Гласникот е бесплатен

Уредува

Сектор за правни и општи работи
и ЛЕР

Февруари 2008

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување акти од 26. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во "Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево, ги донесе на својата **26.седница** одржана на ден 21.02.2008 година и тоа:

1.Програма на Оделението за ЛЕР;

2.Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2008 година;

3.План за работата на урбанистичко-градежниот инспектор за 2008 година со Заклучок за усвојување;

4.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2007 -31.12.2007 година;

5.Одлука за пренамена во рамките на одобрениот буџет на ЕЛС Делчево за 2008 година.

6.Одлука за отпис на застарени обврски спрема добавувачи;

7.Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачи на општина Делчево;

8.Одлука за усвојување на ЛАПО на општина Делчево за период 2007-2010;

9.Одлука за определување на улици во град Делчево кои се делници од магистрални и регионални патишта.

10.Полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево во учебната 2007/2008 година со Заклучок за усвојување;

11.Полугодишен извештај за работатана ОУ "Св.Климент Охридски" во првото полугодие во учебната 2007/2008 година со Заклучок за усвојување;

12.Полугодишен извештај за реализацијата на Годишната Програма на СОУ "М.М.Брицо" во учебната 2007/2008 година со Заклучок за усвојување.

13.Одлука за именување на претставник на Советот на општина Делчево во УО на ОЈУДГ "Весели Цветови".

14.Одлука за измени и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на Општинската администрација.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 08-150/1** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**21.02.2008 година** — **НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Д е л ч е в о** — **Мирко Иванов,с.р.**

Според Законот за Локална самоуправа, член 22, став 1 точка 3 ("Сл. Весник на РМ" бр. 05/2002), Советот на Општина Делчево на својата 26 (дваесет и шеста) седница одржана на ден 21.02. 2008 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Делчево во областа на**
**Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2008 година**

**Развојни приоритети**

Активностите на Општина Делчево во областа на локалниот економски развој во текот на 2008 година ќе бидат насочени кон воспоставување и јакнење на институциите и капацитетите за поддршка на локалниот економски развој, како и поттикнување на развојот на туризмот.

**Цел**

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни цели согласно Стратешкиот план за ЛЕР на општина Делчево 2007-2011 година

**Планирани проектни активности**

| **Р.бр.** | **Активност** | **Потребни средства (мкд)** | **Буџет на општина Делчево** | **Други извори** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Кофинансирање на Центарот за развој на Брегалнички регион (10 ден/жител) | 170.000 | 170.000 | / |
| 2. | Опремување на бизнис центар во општина Делчево | 600.000 | / | 600.000 |
| 3. | Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на ИПА (ЦИП програма) | 300.000 | / | 300.000 |
| 4. | Изработка на веб страна на општина Делчево | 25.000 | 25.000 | / |
| 5. | Изработка на Туристички Акционен План (ТАП) за микро регион Пијанец-Малеш | 100.000 | 10.000 | 90.000 |
| 6. | Изработка на Програма/Правилник за одредени ослободувања (даночни и комунални) за потенцијални нови | 10.000 | 10.000 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | бизниси/инвеститори | | | |
| 7. | Изработка на база за потрошувачка на енергија на ниво на општина | 10.000 | 10.000 | / |
| 8. | Кофинаснирање за развој на физибилити студија за приоритетен проект за аплицирање во ИПА фондовите | 50.000 | 50.000 | / |
| 9. | Развој на проект/и за заштеда на енергија и користење на обновливи извори на енергија | 100.000 | / | 100.000 |
| 10. | Изработка на Зелена Агенда за централно градско подрачје | 60.000 | / | 60.000 |
| 11. | Уредување на дел од градски парк на потег р. Габровчица - недоизградена црква | 1.350.000 | 350.000 | 1.050.000 |
| 12. | Организирање на локален форум (јавен - приватен дијалог) на МСП | 20.000 | 5.000 | 15.000 |
| 13. | Спроведување на проект "Заеднички денови на учење преку целиот живот" со општина Благоевград | 1.987.502 | 207.400 | 1.780.102 |
| 14. | Организирање на Форум со бизнисмени од општина Делчево, збратимените градови и градови со кои има воспоставено добра соработка | 130.000 | 20.000 | 110.000 |
| 15. | Сигнализација и сигналитика на дел од туристички локалитети во општината | 60.000 | 10.000 | 50.000 |
| | **ВКУПНО** | **4.972.502** | **867.400** | **4.105.102** |

**Финансирање**

Предвидените проектни активности во оваа Програма во вкупна вредност од 4.972.502 МКД ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Делчево во износ од 867.400 МКД (17,4 %) и кофинансирани од домашни и странски институции, агенции и фондации во износ од 4.105.102 МКД (82,6%).

**Завршни одредби**

Реализацијата на предвидените проектни активности во оваа Програма ќе биде следена од Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР и истата мож да покренува иницијативи, дава предлози и мислења во врска со остварувањето на поставените цели.

Оваа Програма влегува во сола осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-135/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање( "Сл.весник на РМ" број 51/2005 и 137/07) , член 22 став 1 и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/2002), Советот на Општина Делчево на седница одржана на ден 21.02.2008 год. донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2008 година**

**Урбанистички планови за град Делчево:**

1.Измена и дополнување (парцијално) на Генералниот урбанис-тички план на град Делчево (ГУП) и тоа:

-во Урбана единица 1 Блок 2 ,

-во Урбана единица 2 Блок 1 , Блок 2 , Блок 4 и Блок 6.

2. Измени и дополнување на Детален урбанистички план од населба **"Милково Брдо"** во Делчево, дел од **блок 1.3 во Урбана единица1**, со опфат од **9,6 ха** и граници:

-југозапад Бул."Македонија"до мост на река Габровчица,

-југоисток од мостот на река Габровчица оди возводно по течението на Река Габровчица до к.п.број 7065,

-североисток оди по меѓата на к.п. број 7065 и ул."Вера Јоциќ"

-северозапад ул."Македонска".

3. Измена и дополнување на дел од **Детален урбанистички план Старо Делчево** во Делчево, дел од **блок 3.5 во Урбана единица 3** , со **опфат од 0.67 ха** со граници :

-североисток започнува со пресекот на ендекот "Чаршиски Порој" со осовината на ул."М.Тито" оди по осовоната на ул. "М.Тито" се до пресекот со осовината на ул."Солунска".

-југоисток и југозапад од пресечната точка на осовините на ул."Солунска" и ул."М.Тито" оди по осовината на ул."Солунска" се до пресекот со ендек "Чаршиски Порој",

-северозапад оди по пешачка патека на ендек "Чаршиски Порој" до пресекот со осовината на ул."М.Тито".

4. Измена и дополна на **Детален урбанистички план Спортско рекреативен центар во Делчево,** дел од **блок 2.4 во Урбана единица 2**, **со опфат од 21,60** ха, со граници:

-југозапад река Брегалница
-северозапад по границата на блок 3 и блок 4
-североисток Бул."Македонија"
-југоисток границата на ДУП СР Центар" и Ѕвегорска Река

5.Измена и дополна на **Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона Блок 1.2 во Урбана единица 1** со опфат од 21,0 ха со граници:

-северозапад -ендек кај населба "Басарица",
-североисток-граница на градежен реон,
-југоисток ендек од "Бакина ливада", и
-југозапад Булевар "Македонија"

6. Измени и дополнување на **Детален урбанистички план за Централно градско подрачје, дел од блок 2.2 во урбана единица 2**, со опфат ха и граници:

-северозапад - улица "Индустриска"
-североисток-Булевар "Македонија",
-југоисток улица "М.М.Брицо" и ул."Н.Ј.Вапцаров"
-југозапад река Брегалница

7.Измена и дополна на **Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона** во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со опфат од ха со граници:

-северозапад - Граница на градежен реон
-североисток-"ул."Булевар Македонија",
-југоисток улица "Индустриска" и
-југозапад река Брегалница

7.1.Измена и дополна на Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со опфат од 10,8 ха со граници:

-северозапад-Граница на градежен реон
-североисток-предвидена улица покрај кожара
-југоисток ограда на кожара, ул. "3" и ул."Индустриска"
-југозапад река Брегалница

8. Урбанистички план вон населено место за фарма локалитет "Попово Гумно" во КО Делчево со опфат 0,5 ха и граници по меѓите на катастарските парцели број 1014 и 1015 и дел од 1013.

9. Урбанистички план вон населено место за млекара локалитет "Брегалница" во КО Делчево со опфат од 1,0 ха по границите на катастарска парцела број 5009/4.

10.Изработка на Детален урбанистички план за локалитет "Православни гробишта" во Делчево со опфат од    ха по границите одредени со ГУП-от.

11.По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се вршат измени и дополнување и на други делови од Деталниот урбанистички план на град Делчево и да се донесуваат Урбанистички планови вон населено место во КО-Делчево.

**Урбанистички планови за селата во општина Делчево:**

1. Урбанистички план вон населено место за локалитет "Ладилник" во катастерска општина Чифлик со плански опфат од 3.75 ха по границите на катастирските парцели број 844 и 845 .

2. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат Урбанистички план вон населено место во катастерските општини на сите села во општината.

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Делчево од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево, и средства од заинтересирани правни и физички лица согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на град Делчево.

**Број 07-136/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 26.седница одржана на 21.02.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Планот за работа на овластениот градежен и урбанистички инспектор за 2008 година**

1.Се усвојува на Планот за работа на овластениот градежен и урбанистички инспектор за 2008 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-137/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26.седница одржана на ден 21.02.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување**
**на Буџетот на ЕЛС Делчево за периодот**
**01.01.2007-31.12.2007**

1.Се усвојува Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на ЕЛС Делчево за периодот 01.01.2007 - 31.12.2007 година.што Советот на Општина Делчево го донесе на својата 26.седница одржана на 21.02.2007 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-138/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 33 од Законот за буџети ("Сл.весник на РМ" бр.64/2005), Советот на Општина Делчево, на својата 26.седница одржана на ден 21.02.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за пренамена во рамките на одобрениот буџет**
**на ЕЛС Делчево за 2008 година**

Член 1

Се врши пренамена во рамките на одобрениот Буџет на ЕЛС Делчево за 2008 година за буџетските корисници.

Член 2

Средствата предвидени во Програма К1 (библиотекарство), сметка наменски дотации се пренаменуваат:

-од конто 464990 на конто други оперативни расходи во износ од 60.000 денари;

-од конто 401390 на конто 483510 во износ од 18.000 денари;

-од конто 401520 (персонален данок на доход) на конто 483510 (книги за библиотека) во износ од 2.500 денари.

Член 3

Средствата предвидени во Програма Н2 (средно образование) на сметката наменски дотации се пренаменуваат:

-од конто 425760 на конто 424210 (тековно одржување на згради) во износ од 350.000 денари и

-од конто 464120 се пренаменуваат на конто 424430 (тековно одржување на опрема) во износ од 195.000 денари.

Член 4

Средствата предвидени во Програма Е0 на конто 464990 во износ од 1.200.000 денари, од основниот буџет се пренаменуваат на следниве програми во основниот буџет:

-на конто 425760 Програма Н1 во износ од 300.000 денари;

-на конто 421240 Програма Н1 во износ од 300.000 денари;

-на конто 421240 Програма Н2 во износ од 200.000 денари;

-на конто 424210 Програма Е0 во износ од 400.000 денари.

Член 5

Пренамената во рамките на одобрениот буџет на ЕЛС Делчево за 2008 година влегува во сила и ќе се применува од денот на донесувањето.

**Број 07-139/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 363 од Законт за облигациони односи ("сл.весник на РМ" бр,18/2001), Советот на Општина Делчево, на својата 26.седница одржана на ден 21.02.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отпис на застарени обврски спрема добавувачи**

Член 1

Се врши отпис на застарени обврски во вкупен износ од 245.202,00 денари.

Член 2

Отписот на застарените обврски од член 1 на оваа одлука се врши со состојба на ден 31.12.2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 07-140/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 13 став 2 и 3 од Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на потрошувачите ("Сл.весник на РМ" бр.77/2007), Советот на Општина Делчево, на својата 26.седница одржана на ден 21.02. 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево**

Член 1

Се формира Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево во следниов состав:

1.Бети Ѓеоргиевска, претседател
2.Милка Христова,член
3.Соња Аврамовска,член
4.Дафинка Лазарова Стаменковска,член од месна заедница с.Град
5.Мирјана Стојчевска,член-ЈП "Македонски Шуми", ШС-"Голак"-Делчево
6.Љупчо Ѓеорѓиевски,член - ЈПКД "Брегалница"-Делчево
7.Тони Стоименовски,член - Регионален центар за застапување
8.Стојче Стојковски,член - од месна заедница с.Габрово
9.Митра Илиевска,член - Државна пазарна инспекција
10.Џулиета Мемедова,член -претставник од НВО сектор

Член 2

Советот за заштита на потрошувачите има задача да предложи локални двегодишни програми за заштита на потрошувачите, во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РМ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-141/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02. 2008 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Сл,весник на РМ„ 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26.седница одржана на ден 21.02. 2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Локален акционен план**
**за образование на Општина Делчево**
**2007-2010**

Член 1

Се донесува Локален акционен план за образование на Општина Делчево за периодот 2007-2010 година.

Член 2

Локалниот Акционен план за образование на Општина Делчево е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 07-142/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02. година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов ,с.р.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за патишта („Сл.весник на РМ„ бр.26/1996, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04, 31/06, 30/07 и 37/07) и член 22 став 1 т.4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002 год.),Советот на општината Делчево на својата 26.седница одржана на ден 21.02.2008 година,донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на улици во град Делчево кои**
**ќе бидат делници од**
**магистрален и регионален пат**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат улици во градот Делчево кои ќе бидат истовремено и делница од магистрален пат Кочани-Делчево-Граничен премин „Делчево„(М-10)„регионалниот пат Делчево-Берово-Дабиле, Р-

523,регионалниот пат Делчево-Голак,(Р-522) и регионалниот пат Делчево-Габрово-Црна Скала (Р-533).

Член 2

За делница од магистралниот пат Кочани-Делчево-Граничен премин ,,Делчево,,,М-5, се определува целокупната должина на ул. "Булевар Македонија", од влезот во Делчево од правец на Кочани, до излезот од Делчево кон с.Ѕвегор, односно Граничен премин ,,Делчево,,

Член 3

За делница од регионалниот пат Делчево-Берово -Дабиле, (Р-523) се определува кракот на ул."Булевар Македонија", кој започнува од крстосницата кон с.Ѕвегор и продолжува до излезот од населбата "Ѕвегорска река," према Берово.

За делница од Регионалниот пат Делчево-Голак, (Р-522), се определува целокупната должина на улица ,,Индустриска,", со почеток од крстосница со ул. "Булевар Македонија", до крстосница со улица ,,Маршал Тито", а потоа делница од истиот пат е улицата ,,Маршал Тито,, до излезот кон Голак кај Градските гробишта.

За делница од Регионалниот пат Делчево-Габрово-Црна Скала, (Р-533), се определува улицата ,,Методи Митевски Брицо", од крстосницата со улицата ,,Булевар Македонија,, до крстосницата со улицата ,,Ѓорче Петров", а потоа делницата од истиот пат продолжува по улицата ,, Ѓорче Петров,, се до излезот од Делчево кон с.Габрово.

Член 4

За надлежноста околу изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на улиците кои се определни за делници од магистрален и регионален пат во градот Делчево, се применуваат одредбите од Законот за патишта.

Член 5

Составен дел од Одлуката е графички приказ на определените улици за делници од магистрален односно регионален пат.

Член 6

Одлуката стапува во сила со денот на добивањето на согласноста за истата од страна на Министерството за транспорт и врски на РМ.

**Бр.07-143/1**
**21.02.2008 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 26.седница одржана на 21.02.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата и постигнатите резултати на**
**ОУ "Ванчо Прке"-Делчево во учебната 2007/2008**

1.Се усвојува Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево во учебната 2007/2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-144/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 26.седница одржана на 21.02.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата на училиштето "Св.Климент Охридски" во првото**
**полугодие од учебната 2007/2008**

1.Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2007/2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-145/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 26.седница одржана на 21.02.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за реализација на Годишната програма**
**на СОУ "М.М.Брицо" за работата**
**во учебната 2007/2008**

1.Се усвојува Полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма на СОУ "М.М.Брицо" за работата во учебната 2007/2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-146/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. седница одржана на ден 21.02.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на претставник на Советот на Општина Делчево во Управниот одбор на**
**ОЈУДГ Весели цветови -Делчево**

Член 1

Се именува **Влатко Ристов,**текстилен инженер и приватен стопанственик од Делчево, за претставник на Советот на Општина Делчево во Управниот одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови"

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07-147/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.02.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 6 и член 9 од Уредбата за

начелата за внатрешната организација на органите на државната управа ("Сл.весник на РМ" бр.105/2007), Советот на Општина Делчево на својата 26.седница одржана на ден 21.02. 2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на Општинската администрација на Општина Делчево**

Член 1

Се врши измени и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на Општинската администрација на Општина Делчево бр.07-1054/1 од 31.08.2005 година.

Член 2

Во членот 8, по точка "Д" се додава точка ***"Ѓ"-Одделение за управување со човечки ресурси***, а точката "Ѓ"-Територијална противпожарна единица, станува точка "Е".

Член 3

По членот 17-а се додава нов член ***"член 17-б" - Одделение за управување со човечки*** **ресурси** кој содржи:

- Развој на активностите на човечките ресурси како што се:
- селекција и регрутација на кадри;
- компензации и бенефиции за вработените,
- мерење и оценување на перформанси на вработените;
- организирање на процесите на обуки и планирање и имплементирање на програми за подобрување на ефикасноста на општината;
- комуникација, раководење со време, контролирање на истото и сл;
- тимско раководење и др.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за државни службеници.

**Број 07-148/1** **Совет на општина Делчево**
**21.02. 2008 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р**